# АНАЛИЗА НА СИТЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ОД СТРАНА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПРОТИВ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ, ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ И ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА И НАЈЧЕСТИ ПРЕКРШУВАЊА ОД СТРАНА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ, ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ И ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА

**во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2015 година**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 01-492/1
20.01.2016 год.
СКОПЈЕ

Во Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2015 година предвидена е изработка на Анализа на сите преземени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги против радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и најчести прекршувања од страна на радиодифузерите, издавачите на печатените медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2015 година. Следствено на тоа, се изработи Анализа на сите преземени мерки од страна на Агенцијата.

Анализата ги опфаќа: донесените решенија со кои издавачите на медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа се опоменети, поднесените барања за поведување на прекршочна постапка и донесените решенија за бришење од регистарот согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Законот за медиуми (ЗМ).

За сите прекршувања на законските одредби, кои беа констатирани при спроведените редовни, контролни и вонредни програмски или административни надзори согласно законските овластувања, во периодот предмет на оваа анализа, Агенцијата презеде вкупно 92 (деведесет и две) мерки и тоа:

- 83 (осумдесет и три) опомени (од нив 69 за радиодифузерите, 7 за издавачите на печатени медиуми и 7 за операторите на јавни електронски комуникациски мрежи);
- 6 (шест) барања за поведување на прекршочна постапка (1 за радиодифузер и 5 за операторите на јавна електронска комуникациска мрежа); и
- 3 (три) решенија за бришење од регистарот на радиодифузери.

. Графичкиот приказ на структурата на изречените мерки од страна на Агенцијата, следи во продолжение на оваа анализа (Слика бр.1).




*Слика бр.1, Графички приказ на структурата на изречените мерки од страна на Агенцијата во периодот од 01.07 до 31.12.2015 година*

Видно од графичкиот приказ се констатира дека во најголем број регулаторот изрекол опомени (83), а мал е бројот на поведени прекршочни постапки (6), како и на решенија за бришење од регистарот на радиодифузери (3).

## 1. Решение за преземање мерка – опомена

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во анализираниот период изрече вкупно 83 опомени, поради констатирани непочитувања на одредбите од ЗАВМУ, ЗМ и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Прегледот на преземените мерки – опомени со податоци за субјектот на кој му е изречена опомената, Уп 1 број и датум на решението за преземање мерка – опомена, одредбите од ЗАВМУ, ЗМ и Правилникот за заштита на малолетните лица кои се прекршени, опис на прекршокот, даден е како Прилог бр.1 и Прилог бр.2, кон оваа анализа. Графичкиот приказ на структурата на изречените опомени по законски пропис чии одредби биле повредени од страна на Агенцијата, следи во продолжение на оваа анализа (Слика бр.2).




*Слика бр.2, Графички приказ на структурата на изречени опомени по законскиот пропис чии одредби биле повредени од страна на Агенцијата во периодот од 01.07 до 31.12.2015 година*

Видно од графичкиот приказ се констатира дека во анализираниот период од страна на Агенцијата за констатирани повреди на ЗАВМУ биле изречени вкупно 58 опомени, а за констатирани повреди од ЗМ биле изречени вкупно 25 опомени.

### *1.1 Опомени кон радиодифузерите*

Заради констатирани повреди на одредбите од: ЗАВМУ, ЗМ и Правилникот за заштита на малолетните лица, во анализираниот период, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кон 37 радиодифузери изрече 69 опомени.

Најчести повреди за кои се изречени опомени во анализираниот период, се повредите на член 51 став 1 од ЗАВМУ (не обезбедување на информации достапни за корисниците), за која повреда беа изречени вкупно 22 опомени.

Три опомени помалку или вкупно 19 мерки, беа изречени против радиодифузерите кај кои беа констатирани повреди на одредбите од член 92 од

ЗАВМУ, кои се состојат во неисполнување на обврските на радиодифузерите за емитување музика и за програми изворно создадени на македонски јазик или на јазиците на заедниците во Република Македонија, и тоа:

- 14 опомени поради неисполнување на обврската во 2015 година за емитување најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик односно на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија од која половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот (член 92 став 1 и 14 од ЗАВМУ);
- 1 опомена заради непочитување на обврската во текот на неделата за емитување најмалку 8 часа вокална и/или вокално инструментална музика на македонски јазик и непочитување на обврската за процентуална расределба на емитуваната музика, 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика(член 92 став 4 од ЗАВМУ),
- 1 опомена поради необезбедување соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика во периодот од 07:00 до 19:00 часот (член 92 став 6 од ЗАВМУ) и
- 3 опомени поради неисполнување на обврската за обезбедување најмалку 40% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална/вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика изворно создадена во Република Македонија (член 92 став 15 од ЗАВМУ);

Како честа повреда за која се изречени опомени од страна на Агенцијата во анализираниот период беа повредите на член 12 од ЗМ, кои се состоеја во необјавување на податоци што радиодифузерот бил должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изрече вкупно 14 вакви опомени.

Во 4 наврати Агенцијата ги опомена радиодифузерите кај кои беше констатирана повреда на член 13 став 3 од ЗМ, која се состои во неисполнување на обврската за објавување на податоци и доставување на снимка до Агенцијата.

На радиодифузерите кои не ги почитуваа правилата за употреба на јазикот согласно член 64 став 1 и став 3 од ЗАВМУ, Агенцијата им изрече вкупно 4 опомени.

Во анализираниот период, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги упати 2 опомени за констатирани повреди на член 50 став 3 од ЗАВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетната публика (емитување програма во која не е аплицирана предупредувачка сигнализација).

Поради емитување прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации, спротивно на член 53 став 2 од ЗАВМУ, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изрече 1 опомена.

Во врска со повредата на член 54 став 1 од ЗАВМУ – спонзорираните аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или програми директно потикнувале купување стоки или услуги преку нивно промотивно препорачување, исто така беше изречена 1 опомена.

Поради непочитување на правилата за пласирање на производи, пропишани во член 55 став 5 од ЗАВМУ, Агенцијата изрече една опомена на радиодифузер, кој не ја почитуваше оваа законска обврска.

1 опомена беше изречена поради емитување рекламирање во верски служби и проповеди (член 99 став 6 од ЗАВМУ).

### *1.2. Опомена кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа*

Во анализираниот период, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе вкупно 7 решенија за преземање мерка – опомена кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, кај кои беа констатирани прекршувања на одредбите од ЗАВМУ.

Од нив, 6 решенија беа за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси, а им беа изречени на операторите кај кои беа констатирани прекршувања на член 141 од ЗАВМУ (реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата) и 1 опомена на оператор, кај кој беше констатирано прекршување на член 64 став 2 од ЗАВМУ (при реемитување на програмски сервиси кои се титлувани на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, не било обезбедено титлување на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија).

### *1.3. Опомена кон издавачите на печатени медиуми*

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во периодот од 1-ви јули до 31 декември 2015 година, донесе 7 решенија за преземање мерка – опомена, кон издавачите на печатени медиуми. Сите опомени беа изречени заради констатирана повреда на член 12 став 1 од ЗМ, која се однесува на неисполнување на законската обврска согласно која издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (примерок од печатен медиум) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци.

## 2. Барања за поведување на прекршочна постапка

Во анализираниот период, Агенцијата поднесе вкупно 6 барања за поведување на прекршочна постапка, од кои 5 прекршочни постапки против оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и 1 прекршочна постапка против радиодифузер. Во прегледот даден како Прилог бр.3 кон оваа анализа, дадени се податоци за: радиодифузерите и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа против кои е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка, архивски број и датум на поднесеното барање за поведување на прекршочна постапка, одредби од ЗАВМУ кои се прекршени и опис на прекршокот.

Прекршочните постапки во периодот предмет на оваа анализа беа поведени заради сторени повреди на одредби од ЗАВМУ.

Па така, Агенцијата против 3 (тројца) оператори на јавна електронска комуникациска мрежа, заради повреда на член 141 од ЗАВМУ, односно заради реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата, поведе 5 прекршочни постапки и 1 прекршочна постапка за констатиран прекршок на член 92 став 2 од ЗАВМУ сторен од страна на јавниот радиодифузен сервис, кој се состои во неисполнување на обврската за емитување најмалку 50% изворно создадена

програма во 2015 година во Република Македонија на македонски јазик. Графичкиот приказ на структурата на прекршочните постапки поведени од страна на Агенцијата, следи во продолжение на оваа анализа (Слика бр.3).




*Слика бр.3, Графички приказ на структурата на прекршочни постапки поради прекршување на одредбите од ЗАВМУ во анализираниот период*

Видно од графичкиот приказ се констатира дека во анализираниот период од страна на Агенцијата за констатирани повреди на ЗАВМУ пред надлежните судови во Република Македонија биле поведени шест прекршочни постапки од кои пет за непочитувањето на член 141 од ЗАВМУ и една за непочитувањето на член 92 став 2 од ЗАВМУ.

## 3. Решенија за бришење од регистарот на радиодифузери

Во анализираниот период, Директорот на Агенцијата донесе 3 (три) решенија за бришење од регистарот на радиодифузери. Имено, тројца радиодифузери кои емитуваа телевизиски програмски сервис на регионално ниво, беа избришани од регистарот на радиодифузери, поради промена на начинот на емитување на програмскиот сервис, за што од страна на Агенцијата им е доделена дозвола врз основа на претходно поднесено барање.

Во прегледот даден како Прилог бр.4 кон оваа анализа, дадени се податоци за: радиодифузерите за кои се донесени решенија за бришење од регистрите на радиодифузери, со број и датум на решенијата за бришење од регистарот на радиодифузери.

## 4. ОСВРТ НА СИТЕ КОНСТАТИРАНИ ПОВРЕДИ

### 4.1 *Повреди на членовите од ЗАВМУ, ЗМ и на Правилникот за заштита на малолетните лица, за кои се изречени мерките предмет на оваа анализа*

Во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2015 година, радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, прекршија вкупно деветнаесет одредби од ЗАВМУ, ЗМ и на Правилникот за заштита на малолетните лица.

Најчеста повреда во анализираниот периодот, беше необезбедувањето на информации достапни за корисниците (член 51 став 1 од ЗАВМУ). Во предметниот период, кон радиодифузерите за констатиран прекршок на погоренаведената одредба беа изречени вкупно 22 опомени.

Чести беа и повредите на член 12 од ЗМ односно неисполнување на обврската за објавување на податоци. Па така, беа констатирани вкупно 21 ваква повреда.

Во анализираниот период, во 20 наврати беа констатирани непочитувања на одредбите од член 92 од ЗАВМУ односно неисполнување на обврските на радиодифузерите за емитување музика и за програми изворно создадени на македонски јазик или на јазиците на заедниците во Република Македонија.

Во 11 наврати операторите реемитуваа програмски сервиси спротивно на член 141 од ЗАВМУ.

5 повреди во анализираниот период беа сторени на начин што не беа почитувани правилата за употреба на јазикот, односно поради неемитување на програмата на македонски јазик и кирилско писмо, односно на јазикот и писмото на немнозинската заедница; необезбедување титл на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство при реемитување на програмски сервиси кои се тутлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени и необезбедување превод на македонски јазик односно на јазикот на немнозинските заедници на програмите на странски јазици или делови од нив од страна на издавачите на медиуми (член 64 став 1, став 2 и став 3 од ЗАВМУ).

Во 5 наврати беше констатирано неисполнување на обврската за објавување на податоци и доставување на снимка до Агенцијата (член 13 став 3 од ЗМ).

Во три наврати беа избришани три радиодифузери поради престанување на важноста на дозволата за телевизиско емитување по сила на закон (член 85 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ).

Две повреди беа констатирани на начин што беше емитувана програма во која не е аплицирана предупредувачка сигнализација (член 50 став 3 од ЗАВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетната публика.

Како поретки повреди, односно повреди кои беа констатирани во еден наврат се следните повреди:

- емитување прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации (член 53 став 2 од ЗАВМУ),
- директно потикнување купување стоки или услуги преку нивно промотивно препорачување (член 54 став 1 од ЗАВМУ),

- непочитување на правилата за пласирање на производи (член 55 став 5 од ЗАВМУ) и
- емитување рекламирање во верски служби и проповеди (член 99 став 6 од ЗАВМУ).

### *5. Спроведување на изречените мерки опомени*

Во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2015-та година, радиодифузерите, издавачите на печатените медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, во голем дел по изречената опомена, го усогласија своето работење со одредбите од ЗАВМУ, ЗМ и Правилникот за заштита на малолетните лица, за што говори следната состојба:

- *Постапување по опомените изречени согласно ЗАВМУ*

Од вкупно 58 изречени мерки – опомени, согласно кои радиодифузерите и операторите, требаше да го усогласат своето работење со одредбите од ЗАВМУ, во зададените рокови согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, овие субјекти целосно и во рок постапија по 45 опомени, односно го усогласија своето работење со одредбите од ЗАВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица. Кај 5 радиодифузери за кои беа изречени вкупно 7 опомени, до моментот на изработка на оваа анализа сеуште е во тек рокот за усогласување со одредбите од ЗАВМУ. 1 радиодифузер и 3 оператори не постапија по изречената мерка, односно не го усогласија во целост своето работење со одредбите од ЗАВМУ. Против овој радиодифузер и оператори беа поднесени вкупно 6 барања за поведување на прекршочна постапка. Графичкиот приказ на постапувањето/непостапувањето на радиодифузерите и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа по изречените опомени од Агенцијата, следи во продолжение на оваа анализа (Слика бр.4).




*Слика бр.4, Графички приказ на постапувањето/непостапувањето на радиодифузерите и ОЈКМ по изречените мерки – опомени согласно ЗАВМУ*

Видно од графичкиот приказ се констатира дека во голем дел субјектите на надзор ги почитуваат изречените опомени од страна на регулаторот, односно

постапуваат по нив, а мал е бројот или само шест субјекти не постапиле по изречената мерка – опомена.

- *Постапување по опомените изречени согласно ЗМ*

Состојбата по однос на извршувањето на изречените мерки – опомени согласно Законот за медиуми е таква што 7 издавачи на печатени медиуми и 16 радиодифузери на кои им беа изречени 25 мерки – опомени, во дополнителниот рок го отстранија прекршувањето на законските одредби, односно да го усогласија своето работење со одредбите од ЗМ.

## 6. ЗАКЛУЧОК

Прегледот на изречените мерки и најчестите прекршувања од страна на издавачите на медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, во второто полугодие од 2015 година покажува неколку работи:

- Мерките кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во Законот за медиуми, и кои се изрекуваат за констатирани прекршувања на нивните одредби, придонесоа за зголемување на ефектот на почитувањето на изречените мерки односно превентивно влијаат издавачите на медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, во голем број да ги почитуваат овие одредби и условите од дозволата,

- доколку се земе предвид соодносот на бројот на изречни мерки – опомени (83) во анализираниот период наспроти бројот на поведени прекршочни постапки (6), (кои се поведуваат доколку субјектот покрај изречената опомена продолжува со вршење на повредата за која бил опоменет), може да се заклучи дека издавачите на медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа во голем број постапиле по изречените опомени од страна на Агенцијата и во зададениот рок го усогласиле своето работење со законските и подзаконските прописи.

Анализата ја одобри:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги СКОПЈЕ

д-р Зоран Трајчевски, Директор

Прилози (4):

1. Решенија за преземање мерка – опомена од страна на АВМУ до радиодифузерите (трд и јавниот радиодифузен сервис) и издавачите на печатени медиуми,
2. Решенија за преземање мерка – опомена од страна на АВМУ кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа
3. Поднесени барања за поведување на прекршочни постапки по неуспешно спроведени постапки за порамнување за прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од страна на АВМУ против операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и радиодифузерите
4. Донесени решенија за бришење од регистарот на радиодифузери.

Прилог бр.1

| РЕШЕНИЈА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА – ОПОМЕНА ОД СТРАНА НА АВМУ ДО РАДИОДИФУЗЕРИТЕ (ТРД И ЈАВНИОТ РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС) И ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ<br>76 (седумдесет и шест) превземени мерки – опомени во периодот од 01.07.2015 година до 31.12.2015 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **КОНСТАТИРАНИ ПРЕКРШУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ** | | | | |
| Ред. Бр. | **Назив на радиодифузерот на кого му е доставено решението** | **Уп 1 број и датум на решението** | **Одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги / Законот за медиуми која е повредена** | **Опис на дејствието поради кое на радиодифузерот му е доставено решението од страна на Агенцијата** |
| 1. | Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово | 03-883 од 02.07.2015 | Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Не обезбедување на информации достапни за корисниците |
| 2. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш | 03-884 од 02.07.2015 | Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Не обезбедување на информации достапни за корисниците |
| 3. | Трговско радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп | 03-885 од 02.07.2015 | Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Не обезбедување на информации достапни за корисниците |
| 4. | Трговско друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 03-886 од 02.07.2015 | Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Не обезбедување на информации достапни за корисниците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш | 03-887 од 02.07.2015 | Член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за емитување најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик |
| 6. | Трговско радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје | 03-888 од 02.07.2015 | Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за емитување најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски и на албански јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 7. | Трговско радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје | 03-893 од 06.07.2015 | Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Не обезбедување на информации достапни за корисниците |
| 8. | Трговско радиодифузно друштво К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово | 03-894 од 06.07.2015 | Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Не обезбедување на информации достапни за корисниците |
| 9. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ | 03-895 од 06.07.2015 | Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Не обезбедување на информации достапни за корисниците |
| 10. | Трговско радиодифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово | 03-896 од 06.07.2015 | Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Не обезбедување на информации достапни за корисниците |
| 11. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш | 03-898 од 06.07.2015 | Член 12 од Законот за медиуми | Необјавување на податоци што е должен да ги емитува на соодветното место за секоја содржина на програмскиот сервис |
| 12. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ | 03-897 од 06.07.2015 | Член 12 од Законот за медиуми | Необјавување на податоци што е должен да ги емитува на соодветното место за секоја содржина на програмскиот сервис |
| 13. | Трговско радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје | 03-938 од 24.07.2015 | Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Не обезбедување на информации достапни за корисниците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14. | Трговско радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје | 03-939 од 24.07.2015 | Член 12 од Законот за медиуми | Необјавување на податоци што е должен да ги емитува на соодветното место за секоја содржина на програмскиот сервис |
| 15. | Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци | 03-943 од 29.07.2015 | Член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик |
| 16. | Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ – МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране Гостивар | 03-944 од 29.07.2015 | Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за емитување најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски, албански и турски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 17. | Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ЕДЕН ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Велес | 03-947 од 30.07.2015 | Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за емитување најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 18. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје | 03-948 од 30.07.2015 | Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за емитување најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 19. | Трговско друштво за радиодифузија ТВ КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица | 03-949 од 30.07.2015 | Член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за дневно емитување изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 20. | Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци | 03-950 од 30.07.2015 | Член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Непочитување на правилата за употреба на јазикот |
| 21. | Трговско радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје | 03-951 од 30.07.2015 | Член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Не емитување половина од изворно создадената програма во Република Македонија на македонски јазик, во периодот од 7 до 19 часот |
| 22. | Трговско радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш | 03-953 од 31.07.2015 | Член 13 став 3 од Законот за медиуми | Неисполнување на обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23. | Трговско радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид | 03-957 од 04.08.2015 | Член 13 став 3 од Законот за медиуми | Неисполнување на обврската за објавување податоци и доставување на снимка до Агенцијата согласно член 13 став 3 од Законот за медиуми |
| 24. | Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип | 03-961 од 07.08.2015 | Член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Непочитување на обврската во текот на неделата за емитување најмалку 8 часа вокална и/или вокално инструментална музика на македонски јазик и непочитување на обврската за процентуана распределба на емитуваната музика, 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика |
| 25. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје | 03-972 од 17.08.2015 | Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица | Не почитување на правилата за заштита на малолетната публика |
| 26. | Трговско радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип | 03-971 од 17.08.2015 | Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за емитување најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 27. | Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране-Гостивар | 03-975 од 19.08.2015 | Член 12 од Законот за медиуми | Необјавување на податоци што е должен да ги емитува на соодветното место за секоја содржина на програмскиот сервис |
